## Заштитни зони меѓу органските и конвенционалните посеви

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **Цели** | Утврдува јасни правила за заштитните зони меѓу органските и конвенционалните посеви, за да се редуцираат остатоците од пестициди во органската храна и да се подигне нивото на доверба кај корисниците. |
| 2 | **Позадина** | Бројни се случаите каде остатоците од пестициди се пронајдени во органската храна. Овие случаи може да ја намалат довербата во органската сертификација и развојот на органските пазари.<br>Често, таквите остатоци се појавуваат од наноси на хемикалии преку ветерот од соседните конвенционални полиња. Во многу случаи, тие се пронајдени во производи од земји каде опремата за прскање е застарена и неисправна и стандардите за управување со пестициди и штетници не се секогаш правилно применети во соседните конвенционални полиња.<br>За да се намалат овие проблеми во иднина, мислиме дека е неопходно да се развијат упатства за органските фармери, за контролорите на ПРОЦЕРТ сертификациониот персонал. Производителите мора да бидат одговорни за органскиот квалитет на нивниот производ во поширока смисла на зборот, над нивната сопствена непримена на забранети супстанции. Како дополнение, заштитните зони може и треба да се користат за да се покрене биодиверзитетот на агроеко системот, особено преку живи огради или различни цветоносни растенија. |
| 3 | **Норматив на рамка** | **Законот за органско земјоделско производство на РМ**<br>Правилник за начинот и постапката за вршење на стручна контрола **член 2 в)**<br>*" 1. Кога контролните механизми за прв пат ќе се применети, операторот ќе ги прифати и дополнително ќе ги одржува: (...)*<br>*(в) мерките за претпазливост кои треба да се преземат за да се редуцира ризикот од загадување од неовластени производи или супстанции ...”* |
| 4 | **Термини, објаснувања, кратеници** | **Пестициди:** сите растителни заштитни производи кои не се на Листа на производи за заштита на растенијата според ЗОЗП<br>**Заштитна зона**: растителни џбунести видови, повисоки дрвца, мешана повеќегодишна вегетација со побуен раст, и други растителни видови визуелно различни од видот кој се одгледува на сертифицираната површина, поникнати самостојно или посадени , кои како сплет од ваква флора, претставуваат простор кој ќе овозможи задржување на евентуален нанос од третманот со пестициди, како тампон или меѓу зона. |
| 5 | **Политика** | |

| | |
|---|---|
| 5.1 | **Во кои ситуации се бараат заштитни зони:**<br>● Кога се прскаат пестициди на соседните полиња. Ризикот од нанос зависи од динамиката на прскањето, видот и концентацијата на пестициди, опремата за прскање, правецот на ветерот, оддалеченост и вегетацијата.<br>● На стрмни терени, кога значајни количини на ѓубрива или пестициди може да се нанесени на органско поле преку површински одводи/канали.<br>Во други ситуации, заштитните зони обично не се потребни. За да биде појасно: заштитните зони нема потреба да се поставуваат само затоа што соседното поле не е сертификувано, или затоа што обичните ѓубрива се користат на соседното поле, во случај кога нема реален ризик од загадување , односно на тие не сертифицирани полиња не се користат синтетички пестициди или ѓубрива. |
| 5.2 | **Што може да се користи како заштитна зона:**<br>Жива ограда (ако е возможно со различни грмушки или дрвја)<br>Редови од цвекиња (ако е возможно со различни видови кои цветаат во тек на подолг период)<br>Спонатана вегетација или култури кои не се користат како храна, патишта или други некултивирани области<br>Култури за храна различни од сертификуваните<br>Сертифицирани култури за храна наменети за конвенционалниот пазар. Во овој случај, одделна берба и продажба мора адекватно да бидат документирани.<br>Во случај на падини со ризик од одлевање на пестициди или остатоци од ѓубрива (види 5.1), одводни канали или бразди треба да се направат. |
| 5.3 | **Ширина од заштитни зони, според различни ризици од наноси.**<br>Следното е генерално упатство за да се осигура дека различни оператори се третирани на сличен начин. Конкретни мерки преземни за да се обезбеди согласност со стандардите пропишани погоре, ќе се усогласат со операторот, земајќи ја предвид специфичната ситуација. |

| **Тип и управување со конвенционалните соседни полиња** | **Минимална ширина на заштитната зона со ... вегетација** | |
|---|---|---|
| | **ниско** растечка вегетација* | **високо** растечка |
| Без надворешен инпут или само користење на ѓубрива | - | - |
| Поле или зеленчукова култура со рачен прскач (во ранец) | 1 - 2 m** | Жива ограда или 3 реда на високо растечки годишни растенија (сончоглед, пченка) – мора да постојат пред да почне сезоната на прскање |
| Поле или зеленчукови култури со атомизери на трактор во добра техничка состојба кој е адекватно управуван | 2 – 4 m | Жива ограда или 6 реда на високо растечки годишни растенија (сончоглед, пченка) – мора да постојат пред да почне сезоната на прскање |
| Поле или зеленчукова култура со слаба опрема или слабо постапување при прскањето | 4 – 8 m | Жива ограда или 6 реда на високо растечки годишни растенија (сончоглед, пченка) – мора да постојат пред да почне сезоната на прскање |
| Овоштарник / лозов насад со моторен атомизер со висок притисок | 10 – 20 m | 2 метри широк, 2 метри висока густа жива ограда |
| Воздушно прскање | 30 – 100 m | Најмалку 5 метри висока жива ограда плус 20 метри широк простор. Или 15 метри високи завои пропратени со ниски грмушки, за да формираат висока и густа жива ограда, најмалку 3 метри широка. |

* Ниско и високо растечка вегетација: помалку или повеќе од 80 см, зависно

** опсег зависно од доминантниот правец на ветерот и интензитетот на прскањето.

| | | |
|---|---|---|
| **5.4** | **Проценка:**<br>Фармерот утврдува ризик од наноси на хемикалии преку ветерот од соседните конвенционални полиња и неопходни заштитни зони. Контролорот проверува дали проценката на ризикот и заштитните зони се соодветни. | |
| **5.5** | **Договор за непрскање:**<br>Како алтернатива (исто така и дополнително) на заштитните зони, органските производители може да потпишат договор за непрскање со нивните конвенционални соседи. Во овој случај, соседите не смеат да ги прскаат соседните делови со органското поле, зависно од ширината на заштитните зони кои беа утврдени погоре. Органскиот фармер е одговорен за контрола над исполнувањето на договорот. Пишаниот договор мора да биде достапен во текот на инспекциите, со релавентни докази дека истиот е испочитуван. | |
| **5.6** | **Полиња на повеќе локации:**<br>Во регионите со полиња на повеќе разни локации во сопственост на мали производители, имплемнтацијата на заштитните бариери не е возможна. Во овие случаи, спогодбата меѓу соседите мора да биде подетална и построга и тестирањето на остатоците од пестициди мора да биде повторувано почесто. | |
| **6** | **Пристап до оваа политика** | • Оваа политика е достапна за сета заинтересирана јавност<br>• Мора да биде достапна на целиот персонал<br>• Треба да биде поднесена до сите оператори заинтересирани за органска сертификација |

| | | |
|---|---|---|
| **7** | **Поврзани документи** | ● Политика за Толкување на остатоците од пестициди<br>● Политика за Максимална големина на полето и жива ограда<br>● План органско управување за растително производството |